МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

# Затворањето на ликовната галерија предизвика скандал во културната јавност

## Досега осумдесетина еминентни претставници на ликовната, односно на културната јавност, потпишаа петиција против потегот на раководството на МКЦ

ОГНЕНА ПОП АНДОНОВА

Затворена е ликовната галерија во Младинскиот културен центар, поточно тој простор ѝ е даден под кирија на една балетска група. Тој потег на МКЦ одекна како скандал: досега близу 80 сликари, ликовни критичари, новинари, режисери, професори и луѓе од други професии потпишаа петиција во која се вели дека галеријата во МКЦ мора да постои, зашто е дел од историјата на Македонската ликовна уметност.

Директорот на Младинскиот културен центар, Кочо Божиновски, вели дека ќе биде отворен нов изложбен простор, но ако не ги задоволи потребите на уметниците и на публиката, повторно ќе биде активирана старата галерија во приземјето на МКЦ.

Потписниците на петицијата потсетуваат дека МКЦ (некогашниот Дом на младите "25 Мај") 27 години функционираше како единствен простор во кој младите ликовни уметници првпат можеа да ѝ се претставуваат на публиката, место каде што својата кариера ја почнале огромен број денес познати уметници, од Анета Светиева до Милчо Манчевски. Поголем број потписници изложувале во тој простор и тие велат дека тоа имало големо позитивно влијание во развојот на нивната кариера како ликовни уметници.

Иако МКЦ има простор од околу 5.000 квадратни метри, поголем дел им е изнајмен на приватни фирми (само "Хард рок" е на околу 1.000 квадратни метри), за културните потреби на младите се оставени само уште концертната и киносалата. "Според кој критериум овој град има поголема потреба од театарски, музички и балетски простори за младите автори, за разлика од тие од ликовна уметност? Зошто и од кои интереси се тргнало при одлуката галерискиот простор (од само околу 160 квадратни метри) да ѝ биде издаден на балетска група? Како што се слуша, за потребите на балетската група "Ребис" ова е само привремено решение, а со Галеријата се има некои други планови: планови за комерцијализација и на овој простор во МКЦ за неликовни (дури ниту уметнички) потреби... Дали не треба да се запрашаме за иднината на македонската ликовна продукција, кога секојдневно исчезнуваат просторите достапни за изложби? Во некои поцивилизирани држави во тек е обратен процес..."



Во времето кога беше „Дом" навистина беше културен центар - МКЦ

Директорот на МКЦ објаснува дека лани во галеријата биле организирани само три изложби, од кои едната во рамките на МОТ; дека на отворањата присуствуваат по стотина луѓе, а потоа Галеријата е непосетена.

- Бидејќи галеријата се наоѓа настрана од движењето на посетителите, решивме да биде префрлена на друго место (на првиот и вториот кат пред киносалата) кое е пофреквентно место, подостапно до посетителите на Младинскиот културен центар. Министерството за култура со години не одвоило средства за МКЦ, иако тој секоја година аплицира со свои програми (концерти, изложби, театарски претстави, кинопроекции) - вели Божиновски.

Тој најави дека новиот галериски простор свечено ќе биде отворен наскоро, а ќе биде користен за изложби, перформанси и за други проекти. "Ако се покаже дека новиот простор не е функционален, галеријата повторно ќе биде вратена на старото место".

Петицијата против потегот на раководството на МКЦ досега ја потпишаа и Томе Аџиевски, Игор Сековски, Славчо Соколовски, Александар Станковски, Бети Аврамовска, Дарко Башески, Игор Тошевски, Борис Шемов, Јован Шумковски, Беди Ибрахим, Гордана Вренцоска, Тони Мазневски, Искра Димитрова, Марга Киселичка, Христина Ивановска, Роберт Јанкуловски, Жанета Вангели, Маријана Костојчиноска, Слободанка Стевчевска, Коста Крпач, Гоце Наневски Милчо Манчевски, Моника Мотеска, Росица Лазеска, Станко Павлески, Даниел Печијаревски, Исмет Рамиќевиќ, Марија Светиева, Мирна Арсовска, Иво Јанковски, Соња Абаџиева, Иванка Апостолова, д-р Борис Петковски, Калина Буневска, Александра Зиновски-Вилиќ, Никос Чаусидис, д-р Небојша Вилиќ Фросина Зафировска, Лилјана Неделковска, Христијан Панев, Радмила Пешева Лазо Плавевски, Мелентие Пандиловски, Славица Инџевска, Зоја Бузалкоска, Никола Гелевски, Искра Гешоска...